

# *Знаете ли*

# *...што значи:*

# ХРИСТОС

# јуродив

# аскеза

# ? ? ?

## Христос

Со примањето на човечката природа Бог се вклучува во времето, се сместува Себеси во човечката историја. Исус Христос е историска Личност: се раѓа во конкретно време и место, од мајка чиешто генеалошко стебло има корени и се разгранува во конкретното племе на Израилот, во царскиот род Давидов. Така Он Самиот по род е Евреин, вклучен во општествените прилики на хеленизираниот свет на Римската Империја и потчинет на политичката структура на властите на еврејската земја што се наоѓала под власт на Римјаните.

Самото Негово Име е синтеза од двата јазика и двете традиции што ги сочинуваат историските одредници на Неговата епоха и што ќе го претставуваат историското тело на првата Црква: ‘Исус’ е еврејско име; ‘Христос’ е грчки збор. Со името Исус го хеленизираме еврејското ‘Јешуа’, изведено од глаголскиот корен ’спасувам, помазувам’. Зборот ‘Христос’ на грчки е глаголска придавка што зазема место на именка, а е изведена од глаголот χρυω, (помазува), и означува Помазаник (на грчки *Христос*), Оној Кој примил помазание, Кој е помазан.

Во еврејската традиција помазувањето со елеј и миро било знак на избраност за достоинство на цар или свештеник, знак дека помазаниот е избран од Бога за да му служи на единството на народот или на односот на народот со Господ на силите. Но превосходниот Христос (Помазаник) Божји во Светото Писмо бил очекуваниот Месија, та затоа дошло до тоа според својата смисла зборот ‘Христос’ да се поистовети со зборот ‘Месија’. Поврзувајќи го главното име, Исус, со името на достоинството, Христос, Црквата ја назначува историската Личност и го толкува Настанот којшто таа Личност го втеловува.

(Х. Јанарас)

## Јуродиви

Јуродиви заради Христа се оние коишто без компромиси ја живеат „лудоста на Крстот” (1Кор. 2, 7). Тие се прават луди или поточно нив навистина ги движи вистинското христијанско лудило, наспроти црковното фарисејство, тешката сериозност на овој свет; тие го најавуваат Царството како „превртен свет”, еден вид надмоќен хумор.

Симеон Јуродивиот (Сирија, 6 век), којшто дваесет и девет години се молел во пустината, Бог го испратил по големите градови; сметан за лудак, живеел во сиромашните предградија. И како некаков кловн им ги откривал на луѓето нивните тајни мисли, за во нив да го разбуди копнежот по вечноста, длабоко закопана во нив.

Василиј Блажениот (Русија, 16 век) му се спротивставува на царот, им дели на сиромасите од добрата на богатите, ги бакнува праговите на блудниците и на безбожниците, и фрла камења по куќите на исправните граѓани.

Иван Јаковлевич (Русија, 19 век) на умирање се препира со Бога и постојано повторува:

„Сите нека бидат спасени, целата земја нека биде спасена!”

(О. Клеман)

## Аскеза

Го подразбира човековиот напор и соодветната метода којашто притоа се применува за да се помине низ трите степени на духовниот живот:

Очистување на срцето
Просветлување на умот
Обожение

Со оглед дека ова се постигнува со исполнување на Христовите заповеди, подвижништвото ја подразбира и човековата борба за исполнувањето на истите. Затоа подвигот е алката меѓу држењето на заповедите и исцелувањето на човекот.

Според Свети Григориј Палама, духовното лечење води кон очистување на срцето од страстите. И просветлувањето на умот - поточно духовното исцеление - е вистинска преобразба на природните сили и енергии на душата, што се остварува со синтезата на светотаинскиот и аскетскиот живот.

(Ј. Влахос)

Фото: М.Ц.

